CROATIA®
осигурување/живот

Друштво за Осигурување на Живот Генерална Дирекција
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Ул. Костурски херои бр. 38, 1000 Скопје
Т +389 2 3215 083
Ф +389 2 3215 061
www.cro.mk

**Известување за промена на услови за осигурување на животот во врска со удели во инвестициските фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик**

Почитувани,

На седница на Одбор на Директори оддржана на ден 05.09.2022 година, Одборот на Директори донесе Одлука за усвојување на промена на условите за unit link производите согласно Правилникот за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик, донесен од страна на Агенцијата за супервизија на РСМ (Сл.Весник на РСМ бр. 109/2022 од 09.05.2022 година).

Со цел усогласување со подзаконската регулатива, Друштвото во посебните услови за осигурување поврзани со инвестициски фондови:
- Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со еднократна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик и дополнително осигурување за случај смрт поради незгода и смрт поради сообраќајна незгода (0540);
- Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со еднократна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (0541);
- Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (0542);
- Посебни услови за детско штедно осигурување поврзано со инвестициски фондови со еднократна или повеќекратна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (0543);
- Услови за осигурување на живот со повеќекратна уплата на премија каде договорувачот на осигурувањето го сноси инвестициониот ризик (0544); и
- Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со еднократна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик со осигурување за случај на смрт (0545);

(1) предвиде одредби во случај да дојде до припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, со кои на договорувачот на осигурување му е дадена алтернатива:

- да премине во друг фонд кај истото ДУИФ или
- да премине во друг фонд кај друго ДУИФ,

за што договорувачот треба да се произнесе во рок од 15 дена. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива се на товар на друштвото.
(2) предвиде одредби доколку договарачот не ја прифати можноста за премин во друг фонд согласно претходната точка (1), друштвото ќе смета дека настанал случај на доживување и на договорувачот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување;
(3) предвиде одредби со кои го ограничи времето помеѓу уплатата на премијата за вложување и купување на удели во отворени инвестициски фондови на најмногу петнаесет работни денови.
(4) го доуреди рокот за доставување на годишен извештај до договорувачот и осигуреникот за склучениот договор за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови, најдоцна во рок од 30 дена од завршувањето на деловната година.

Погоренаведените услови влегуваат во сила од и ќе се применуваат од 01 Октомври 2022 година.

Со воведување на овие услови престануваат да важат претходно усвоените услови 0540, 0541, 0542, 0543, 0544,0545.